Наше Рафие Претседател 04.01.23

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedure Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: Pranuar: | 03.01.2023 | | |
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност: Vlera |
| 1005- | 33/1 | | |

Арх. знак/Shenja arkivore ______
Рок на чување/Afati i ruajtjes ______
______ 20 ___ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi
______

До Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен пристигнато е Решение за Владо Ушлиновски без пропратно писмо од страна на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер 08-318 од 27.12.2022.

Дата: 03.01.2023

Потпис______________

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер врз основа на член 27и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), а согласно член 109 став 9 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена [redacted] поднесена противРешение на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на27.12.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Жалбата изјавена од [redacted] поднесена противРешение на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен бр.1005-998/3 од 17.11.2022 година, заведена во Агенцијата под бр.08-318 на 12.12.2022 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА**.
2. Решението на Иматėлот на информации бр.1005-998/3 од 17.11.2022 година **СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган.**
3. **Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

[redacted] на 14.11.2022 година поднеле Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со кое побарале да им се достави следната информација:

„1. Да ми се достави копија (со потврда дека е верна на оригиналот) од ваше донесено Решение под Уп.бр.1104-478 од 14-01-2021г. како и доказ од кој може да се утврди кога истото е испратено и примено од првостепениот орган МТСП.“.

Постапувајќи по Барањето, Имателот на информации на 17.11.2022 година до Барателот доставил Решение бр.1005-998/3 од 17.11.2022 година, со кое го одбива Барањето на Барателот. Во Решението е наведено дека: „Постапувајќи по поднесеното Барање, Државната комисија донесе одлука истото да го одбие како неосновано од причина што во конкретниот случај не се работи за барање од јавен карактер, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во овој случај се работи за барање од личен карактер и подносителите на барањето кои ја регулираат соодветната материја и правната заштита може да ја остварат согласно тие закони. Во конкретниот случај, подносителите до Државната комисија **може да се обратат со писмен допис во кој ќе го образложат своето барање**.“

Незадоволни од горенаведеното Решение, Барателите на 12.12.2022 година поднесоа Жалба до Агенцијата, заведена во Агенцијата под бр.08-318. Во Жалбата е наведено дека: „Воедно имателот и создавателот на бараните информации (во БПИЈК) Државната комисија како второстепен орган би требало да го знае фактот дека остварувањето на правата предвидени со Законот за социјална заштита (како што е во конкретниот случај со подносителите на БПЈИК) претставува дејност од јавен карактер. Во прилог на Жалбата доставија допис „Укажување со барање“ доставен до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на 14.11.2022 година, во кој е наведено дека: „Во однос на поднесената на ден 09-06-2020г. жалба (на

Решение на МТСП под Бр.10-5273/2017 г. од 01-08-2017г.) до вас поднесени се повеќе поднесоци (на ден 10-08-2020г.; 14-09-2020г.;28-06-2021г.;09-08-2021г.; и последниот на ден 31-10-2000г. како опомена пред тужба. Поднесокот од 14-09-2020г. претставува „приговор-жалба (по чл.104 од ЗОУП)" по кој ви е треба да донесете и ми доставите ваша одлука. Тоа до денешен ден не е сторено па барам веднаш да донесете и ми доставите."

Агенција, преку е-маил заведен под бр.08-318 од 13.12.2022 година, ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации до Агенцијата на 19.12.2022 година достави Одговор на жалба бр.1005-998/6 од 16.12.2022 година, заведено во Агенцијата под бр.08-318, во кое е наведено дека: „Постапувајќи по поднесеното Барање Државната комисија донесе Решение со наш број 1105-998/3 од 17.11.2022 г. со кое Барањето е одбиено како неосновано од причина што конкретниот случај не се работи за барање од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно се работи за барање од личен карактер. ....."

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од Барателот на информацијата, истата **ЈА УВАЖИ, решението на Имателот на информации го поништии предметот го врати на повторно постапување пред првостепениот орган,** поради следното:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот, го утврди како неспорен фактот дека со барањето барателот сакал да дојде до информација за остварување на лични права и интереси. Но, имателот на информации наместо да постапи по предметното барање согласно материјалните закони кои ја регулираат конкретната материја, тој донел решение врз основа на членовите 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со што всушност повел управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Агенцијата му укажува на Имателот на информации дека кога веќе се впуштил во постапување по конкретното барање согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, решение за одбивање на пристап може да донесе само доколку бараната информација е исклучок од членот 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со задолжително образложение за одбивање на пристапот, а по спроведен тест на штетност.

Во конкретниот случај имателот на информации од јавен карактер не постапил правилно согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со тоа што повикувајќи се на одредби од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер донел решение за одбивање на пристапот со образложение дека „во конкретниот случај не се работи за барање од јавен карактер...во овој случај се работи за барање од личен карактер..".

Имателот на информации е должен да го разгледа одново Барањето на Барателот и да постапи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

При повторното постапување, Имателот на информации е должен исто така, да утврди и усогласи бројките во диспозитивот со бројките во образложението, поради тоа што во донесеното Решение бр.03-2659/2 од 01.12.2022 година, тие не се усогласени.

Согласно сето погоренаведено, Агенцијата му укажува и на жалителот дека своите права и приватни (лични) интереси може и треба да ги остварува пред се согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои тој се јавува како странка и правната заштита може да ја бара согласно тие закони.

Поради погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр./Nr. 08-318
27.12.2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Доставено до:
- архива на Агенцијата
- жалителот/барател на информацијата
- имател на информацијата

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

16. 01. 2023 година

**Архивски број:** 1005-33/2

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Постапувајќи во повторна постапка по Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од Ваша страна до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден 14.11.2022 година и заведено под број 1005-998/1, а согласно насоките на Решението број 08-318 од 27.12.2022 г. на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото не може да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ " бр.101/19).

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер и поради тоа Ве упатуваме да се обратите со писмен поднесок до Државната комисија во кој ќе го наведете Вашето барање.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даница Чадиева**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

16.01. 2023 година

**Архивски број:** 1005-33/3

**До: Агенција за заштита на правото на слободе пристап до информации од јавен карактер**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Решението донесено од Ваша страна со број 08-318 од 27.12.2022 г., Ве известуваме дека Државната комисија постапувајќи во повторна постапка по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од 14.11.2022 г. поднесено од лицата [redacted] изготви Известување, кое во најкус можен рок ќе биде проследено до подносителите на барањето.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даница Чадиева**

*Прилог: Известување д[redacted] (фотокопија)*

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk